ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА 2024



# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024

**Издавач: Здружение „Гласен Текстилец“ – Штип.**

**Улица: Пролетерска број 42, 2000 Штип.**

**Уредници: Кристина Ампева, Благојче Дишоски.**

glasentekstilec@gmail.com | info@glasentekstilec.mk

**Здружение за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ – Штип**

**Март 2025, Штип**

**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

Содржина:

Table of Contents

**За Гласен Текстилец:....................................................................................................4**

**Организациска структура во 2024/25 година:.....................................................................5**

**Проект: Организирани граѓани за организирана иднина 2024............................................9**

**Проект: Институционално и економско зајакнување на жените и девојките од Источен регион..........12**

**Проект: Институционална поддршка за зајакнување на капацитетите..................................15**

**Проект: Оперативен грант: SMART Balkans project 2024-2025..............................................16**

**Проект: Преку женски активизам и иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини....................................................................................................18**

Гласен Текстилец
Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

## За Гласен Текстилец:

### Лична карта на Здружение за заштита на работничките права ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ - Штип

Гласен Текстилец од 2017 година работи на афирмирање и препознавање на проблемите на работниците и кршењето на човековите и работничките права, како и на подигање на свеста на работниците/чките преку едукации, трибини, конференции, семинари и други активности, учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците/чките од приватниот сектор, со акцент на текстилната, кожарската и чевларската индустрија. Преку програмите и проектите коишто ги имплементира Гласен Текстилец, директно се залага за унапредување на човековите, работничките права, пристапот до правда на маргинализираните, заштита од дискриминација, еднаква плата за иста работа. Фокус на здружението се женските права, со оглед на тоа дека 90% од вработените во текстилната индустрија се жени.

Гласен Текстилец има имплементирано над 10 самостојни проекти и неколку партнерски проекти. Преку проектните активности, се залага за директно унапредување на правата на текстилните работнички, кои патем се човекови права, загарантирани со Устав.

Во Гласен Текстилец се вработени 5 лица во текот на 2024 година.

Организациска структура во 2024/25 година:




Вработени и контакти во 2024/25:

1. Кристина Ампева, претседателка и проектна координаторка: kristinaampeva88@yahoo.com
2. Благојче Дишоски, координатор на финансии: blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk
3. Кристина Недкова, правна советничка: kristina.nedkova@glasentekstilec.mk
4. Веселинка Монева, адиминистративна асистентка: veselinka.moneva@glasentekstilec.mk
5. Антонела Митева antonela.miteva@glasentekstilec.mk

Електронски адреси: glasentekstilec@gmail.com / info@glasentekstilec.mk

**Цели и задачи:**

1. Професионалност и транспарентност во работата на здружението;

2. Застапување на интересите во државата од приватниот сектор, со акцент на оние од текстилната, кожарската и чевларската индустрија;

3. Афирмирање и популаризација на проблемите на работниците и кршењето на нивните права;

4. Подигање на свеста на работниците преку едукации,трибини,конференции,семинари и други активности кои се Потребни;

5. Учество во подготовка на закони и други нормативни акти и прописи од областите на интерес на здружението и работниците во текстилната, кожарската и чевларската индустрија;

6. Изградба на сопствена структура за подготовка на проекти за развој и унапредување на здружението;

7. Стимулирање, лобирање, менаџирање, креирање и развој на соработка со

медиумите, бизнис секторот, други невладини организации, фондации, асоцијации и остварување на меѓународна соработка;

8. Поддршка, создавање и развој на соработка со органите на централната и локалната власт, меѓународни институции и организации, странски амбасади и влади;

**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

9. Стимулирање, поддршка, имплементација и застапување на работниците, преку позитивните примери во европските држави. Учество во решавање, надминување и задоволување на проблемите и потребите на работниците во текстилната, кожарската и чевларската индустрија;

10. Вршење и други активности и облици на работа кои придонесуваат за унапредување на правата на работниците ,популаризација на проблемите и подигање на свеста на работниците;

11. Оформување и развој на мрежи и групи со организации со цел зајакнување на капацитетите за подобрување на правата на работниците;

12. Популаризација и афирмација на статусот и кршењето на правата на маргинализираната и ранливата популација која работи во текстилната, кожарската и чевларската индустрија (Роми, лгбт, зависници, сексуални работници и др.);

13. Јакнење и развивање на волонтеризмот и волонтерскиот менаџмент и активно вклучување на младите како во организацијата така и надвор од неа;

14. Социјална инклузија и подигање на свеста на граѓаните работници преку уметноста и културата.

Визијата на Здружението е: Граѓани работници со висока свест, едуцирани, информирани, ги уживаат своите права.

Мисијата на здружението е: Да биде водечка организација за остварување на правата на работниците во РСМ.

**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

## Програми:

- Почитување на работничките права и унапредување на социјалниот дијалог на локално и национално ниво
- Здравје и безбедност при работа
- Унапредување на родовата еднаквост и елиминација на родово-базираните дискриминација
- Млади, активизам и волонтеризам
- Европски интеграции
- Програма за зајакнување на институционалните капацитети на организацијата
- Економско зајакнување на жени и девојки

## Области на делување:

Застапување и лобирање

Правни сервиси

Едукација

Истражување

## Проект: Организирани граѓани за организирана иднина 2024

**Донатор:** Olof Palme International Center и Шведска.

**Период на имплементација:** Од 1 Јануари до 31 Декември 2024 година.

**Цел:** Главната цел е унапредување на социјалниот дијалог на национално ниво, со вклучување на сите раководни структури во процесите на одлучување.

**Активности:** Во 2024 година имавме активности за: застапување и лобирање,правна поддршка вклучувајќи правни совети и правна помош за работниците од приватниот сектор,мониторинг на судски постапки каде што се оштетени и грубо прекршени работничките права,настанот Текстилијада кој е во организација од наша страна а трае три дена, врсничките едукации каде што се едуцираат средношколци за своите работнички права опфаќајки го Законот за работните односи.

1. **Во однос за застапувањето и лобирањето**, на 1 Март 2024 година го основавме Гласен Синдикат на работниците кој синдикат неуморно се бори за сите неправди зададени кон работниците од целиот приватен сектор. За синдикатот организиравме и синдикални средби на кои присуствуваа работници и работнички од целиот приватен сектор со што подобро се запознаа со начинот на работа на синдикатот. Гласен Синдикат на работниците брои 300 члена од различни приватни сектори. Во некои од правните лица каде што имаме повеќебројни членови на синдикатот имаме веќе потпишано и Општ колективен договор за тоа правно лице. Битно да се напомене е и тоа што во однос на синдикатот на некои членови кои побараа правна помош од нас како синдикат им помогнавме во разрешувањето на нивниот проблем од работен однос. Многу случаи се решени од наша страна на членови на синдикатот кои побарале правна помош а им било прекршено некое работничко право. Како Граѓанско Здружение за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ и како Гласен Синдикат на работниците секогаш се трудиме да ги решиме проблемите настанати од работниот однос. Во однос на соработката со државните институции имаме добра соработка со Државниот трудов инспекторат за разрешување на случаи кога е неопходно потребно тие да

бидат известени и кога како Здружение и Синдикат ние сами не можеме да помогнеме на работникот доколку случајот и проблемот од работен однос е покомплициран.

2. **Текстилијада 8:** е настан кој се оддржува секоја година а оваа година беше 8ма Текстилијада по ред и истата трае три дена.Во 2024 година, Текстилијадата траеше од 3 Октомври до 5 Октомври каде што учествуваа претставници од многу институции со кои имаме соработка, а тоа се институции како што се: Државниот трудов инспекторат, Управата за јавни приходи како и Агенцијата за вработување. На дебатите учествуваа и Министерот за труд и економија, Министерот за социјална политика и просторно планирање, Директорот на управата за јавни приходи како и претставник од Агенцијата за вработување. Примарна цел на Текстилијадата во 2024 беше да иницира дискусии на локално и национално ниво, користејќи ја култура, уметноста и дебати за воспоставување партнерства и отпочнување социјален дијалог за решавање на итни прашања кои имаат влијание врз сите, особено врз работниците и младите поединци. Настаните, кои опфаќаа и социјални и уметнички аспекти, беа дизајнирани да ги мотивираат младите луѓе и работниците активно да се вклучат во процесите на донесување одлуки кои ги засегаат обичните граѓани. Нашата цел беше да ја подигнеме свеста за важноста на застапувањето за правата на работниците и да ги охрабриме учесниците да се движат надвор од нивните комфорни зони, прифаќајќи ја општествената одговорност. Во минатото, работниците беа во центарот на културните настани, обликувајќи ја културата на нивните работни места. За жал, тие сега се маргинализирани, културно и социјално исклучени.
3. **Обука за врснички едукатори**: #ГиЗнамСвоитеРаботничкиПраваЈаЗнамСвојатаМоќ и врснички едукации: Во текот на месеците септември, ноември и декември ги реализиравме врсничките едукации во Источниот регион. Во 2024 година имавме врснички едукатори во Штип и Кочани Обуките се реализираа во следните училишта: ПСУ САБА – Штип, СОУ „Коле Нехтенин“ од Штип, ДСУ „Сергеј Михајлов“ од Штип, СОУ „Димитар Мирасчиев“ од Штип и СОУ „Јане Сандански“ од Штип, како и СОУ „Љупчо Сантов“ од Кочани со вкупен опфат од 163 ученици средношколци од завршните години.
4. **Правна помош и поддршка на работниците од сите сектори:** Во однос на правната помош, вкупно правна помош за 2024 година број на случаи имавме 5664.

5. **Судски постапки:** Во однос на судски постапки бевме дел од мониторингот на судски потапки каде што имаше прекршок на правата од работен однос на работниците.










**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**

## Проект: Институционално и економско зајакнување на жените и девојките од Источен регион

**Донатор:** Проектот е финансиран од Фондацијата Kvinna till Kvinna и Шведска.

**Период на имплементација:** Од 1 Јануари до 31 Декември 2024 година.

**Активности:**

1. **Судски постапки**: Во однос на судските постапки, бевме на мониторинг на судски постапки за прекршување на работнички права како што се мобинг и дискриминација на работното место во 2024 година.Сите пријавени случаи до нас од работниците,се внесени во дата базата на податоци. Фокусната точка на нашите напори за следење беше насочена околу конфекцијата SONI TEX во Кавадарци.
2. **Застапување и лобирање:** Вработените жени од различни сектори низ приватната индустрија ја доверуваат својата доверба на Гласен Текстилец. Нашата репутација за чесна и проактивна интервенција нè направи вистински партнер за решавање кога ќе наидат на проблеми Пријавените случаи опфаќаат широк спектар на прашања, вклучувајќи исплата под минималната плата, совети за компензација за време на привремена невработеност, незаконски практики за вработување, повреди на работното место, ликвидации на компании што доведуваат до страв од неисплатени плати, неисплатени прекувремени часови, доцнење на платите и социјалните придонеси, вознемирување(мобинг) на работно место, родово базирана дискриминација на работното место и нелегална непријавена работа на малолетници, што ја истакнува нашата посветеност за борба против експлоатацијата на детскиот труд. Во однос на пријавените случаи од работниците каде има прекршување на правата од работен однос вкупно пријавени и запишани случаи во дата базата за податоци е 570 случаи.
3. **Довдневен тренинг за заштита на лични податоци за вработени:** во однос на законот за заштита на лични податоци и работата на граѓанските организации.
4. **Тркалезна маса за родовиот јаз во платите, родовата еднаквост и дискриминацијата на работното место:** организирана во Штип, во јуни 2024 година.

5. **Young designers exhibition (sustainability event):** со соработка со реномирани дизајнери од нашата земја беа изработени 5 уникатни креации, кои беа изложени за време на Модни денови во Штип и Скопскиот викенд на модата, на настанот организиран од Конект.
6. **Тродневна работилница за менаџмент на стрес кај вработени и Burnout синдром кај вработени:** работилница организирана во Охрид, а на која присуствуваа 5 вработени.








**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**





Гласен Текстилец
Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип
glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

## Проект: Институционална поддршка за зајакнување на капацитетите

**Донатор:** Проектот е финансиран од The European Endowment for democracy

**Период на имплементација:** јануари 2024 година - јуни 2025 година

Овој грант го поддржува Здружението за заштита на работничките права „Гласен текстилец“, организација со седиште во Штип, Северна Македонија.
Иницијативата има за цел зајакнување на севкупните институционални капацитети на тимот на Гласен Текстилец преку подобрување на вештините за човечки ресурси и проектен менаџмент за вработените, зајакнување на нивните технички, организациски и репрезентативни капацитети преку различни работилници и обуки за застапување, јавно говорење, пишување и управување со проекти и ефективен ангажман со засегнатите страни итн.

**Активности:**
Во рамките на оваа иницијатива се предвидени следните клучни активности:
- **Тридневна обука за развој на организациска стратегија (2024-2027);**
- **Работилница за пишување проекти, администрација и известување до донаторите и процесите на ревизија;**
- **Настан за јавно вмрежување и градење коалиции;**
- **Промотивни и информативни/едукативни материјали за Гласен Текстилец;**
- **Визуелна презентација на Гласен Текстилец преку социјалните медиуми;**
- **Правна помош и услуги.**



## Проект: Оперативен грант: SMART Balkans project 2024-2025

**Донатор:** Проектот е поддржан со оперативен грант на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанското општество за поврзан Западен Балкан, кој го спроведуваат Centar za promociju civilnog društva (CPCD) од Босна и Херцеговина, Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) од Северна Македонија и Институтот за демократија и Медијација (ИДМ) од Албанија, а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

**Период на имплементација:** 1 јануари 2024 година - 31 декември 2025 година

Во рамките на двегодишниот проект поддржан од СМАРТ Балканс, ќе ги одржуваме двете програми, односно програмата за **почитување на работничките права и унапредување на социјалниот дијалог**, каде што функционираме со обезбедување на правна и пара правна помош за вработени во целиот приватен сектор, со акцент на текстилно кожарската индустрија, нивна поддршка при остварување на правата од работен однос и човекови права пред институциите. Во склоп на проектот едуциравме параправнички од текстилниот сектор. Тоа се вработени жени кои се дел од формираните јадра од источниот регион и имаат улога на параправнички во нивните локални заедници кои преку едукациите имаат стекнато знаење за да детектираат прекршување на работнички права, но и дадат примарна правна помош, совети и препратат работнички до нашата канцеларија за институционална поддршка до релевантна институција доколку има потреба. И, втората програма за **институционално јакнење и развој на вработени**, за да ја обезбедиме понатамошната одржливост на Гласен Текстилец.

**Главната цел на проектот е:** Унапредување на организациската работата, зајакнување на поставеноста на здружението и неговото влијание во средината.

**Специфични цели:**
*Специфична цел 1:* Подобрување и одржување на правната програма на Гласен Текстилец, преку јакнење и развивање на параправничкиот тим и персоналот во здружението.
*Специфична цел 2:* Зајакнување на работата и одржливоста на здружението, преку креирање на организациски документи, едукации и до едукации за вработените и ангажираните.

## Активности во рамките на проектот:

- **Едукации/до едукации за параправнички:** едуцирани три параправнички од источен регион.
- **Правна и параправна помош (надоместок за параправнички);**
- **Информативно-едукативни постови на социјалните мрежи;**
- **Адвокатски и судски трошоци за застапување и унапредување на позитивни пракси во однос на работничките и човековите права;**
- **Вработени, плати и придонеси (корелација со А1);**
- **Канцелариски и режиски трошоци, патни трошоци на организациско ниво и индиректни трошоци и набавка на ситна техничка опрема.**

SMART Balkans




Norway CPCD CRPM

SMART Balkans




SMART way - know your rights!
SMART way - participate today!
SMART way - be proactive!

Norway CPCD CRPM

Проект: **Преку женски активизам и иницијативи до родово инклузивни и одговорни општини**

**Донатор:** Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.
Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите што резултира со проширен граѓански простор,
поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.
**Период на имплементација:** 1 јули 2024 – 31 октомври 2026



**Реализирани активности:**

- **Проценка на локалните потреби и проблеми на жените и девојките од надлежност на општината;**
- **Подготовка на анкетен прашалник;**
- **Теренско истражување (анкетирање);**
- **Анализа на прашалник и подготовка на извештај.**

**Учество на настани организирани од Цивика мобилитас:**

На 24 и 25 октомври, во Берово, тимот на ГласенТекстилец и претставникот на Здружението Иницијатива на невработени интелектуалци од Виница, учествуваа на **работилницата „Добри практики за одржливост на граѓанските организации“**, под водство на меѓународниот експерт Сајмон Форестер, а организирана од Цивика мобилитас.

**Гласен Текстилец**
**Ул. Сутјеска 59, 2 000 Штип**
**glasentekstilec@gmail.com**
**www.glasentekstilec.mk**







Ние, заедно со нашите партнери ЕХО и ИНИ, бевме дел од **Средбата за вмрежување** – настан кој обединува носители и партнери на грантовите поддржани од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика Мобилитас.

**Дополнително, нашите партнерски организации:**

- Здружението ЕХО едукативно-хуманитарна организација во рамките на проектот „Преку женски активизам и иницијативи до родово-инклузивни и одговорни општини“, потпишаа **Меморандум за соработка со Општина Штип.** Овој проект го спроведуваме заедно со Здружението ЕХО Едукативно хуманитарна организација и Здружението ИНИ Иницијатива на невработени интелектуалци.
- Здружението Иницијатива на невработени интелектуалци „ИНИ“ од Виница, претставувано од претседателот Тодор Цонев и Миле Петков, потпишаа **Меморандум за соработка со Општина Виница** во рамките на проектот „Преку

женски активизам и иницијативи до родово-инклузивни и одговорни општини“. Овој проект го спроведуваме заедно со Здружението ЕХО Едукативно хуманитарна организација и Здружението Иницијатива на невработени интелектуалци.












ГЛАСЕН ТЕКСТИЛЕЦ exo CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

## Статистички податоци од Facebook за 2024 година:













